Бр./Nr 12-2424/5
08-01-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на 45-тата седница одржана на 29.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2424/1 од 15.04.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконитости во спроведувањето и реализацијата на 3 (три) постапки за јавни набавки на информатичка опрема за потребите на Универзитетот -------------------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-2424/1 од 15.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2424/1 од 15.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости во спроведувањето и реализацијата на 3 (три) постапки за јавни набавки на информатичка опрема за потребите на Универзитетот --------------------------------.

Во пријавата е наведува дека ректорот ------------------- ги реализирал овие набавки со неговиот зет -------------, кој е зет на фамилијата ---------- од Охрид, додека братучетка на ----------------- е мажена во таа фамилија, поточно кажано бабата (мајка од жена) на --------------- е прва братучетка на -------------------. Се наведува дека два тендери се доделени со јавна набавка, а третиот во „4 очи".

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по наводи и сомневања изнесени во добиената пријава за незаконитости во

спроведувањето и реализацијата на 3 (три) постапки за јавни набавки на информатичка опрема за потребите на Универзитетот --------------------------. Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, побарано е од универзитетот за:

- јавна набавка и склучен договор за јавна набавка во вредност од 772.275,00 денари и
- јавна набавка и склучен договор за јавна набавка во вредност од 3.039.900,00 денари

да ги достави следните податоци, информации и копии од документи: одлука за јавна набавка и копија од објавениот јавен оглас за јавна набавка;записници, предлози и др. акти од спроведувањето на постапката за избор на најповолен понудувач врз основа на која е склучен договор за јавна набавка со носителот на набавката; копија од склучениот договор за јавна набавка и од обезбедената банкарска гаранција – доколку е предвидена со договорот; податоци за реализацијата на склучениот договор, вклучително со податоци за за извршени исплати, за рокот-роковите во кои е предвидно извршување на предметот на договорот, односно за евентуални задоцнувања во исполнувањето на обврските на носителот на јавната набавка или за настанати спорови помеѓу странките на склучениот договор и други акти и списи од постапката кои ќе овозможат целосно утврдување на фактичката состојба во овој пријавен случај.

Воедно, побарано е од универзитетот да достави податоци, информации и копии од документи и за постапката за набавка на информатичка опрема по однос на која е склучен договор за набавка во вредност од 592.200,00 денари со образложение на причините поради кои конкретниот договор е склучен со непосредна спогодба – без објава на јавен оглас и без спроведување на постапка за јавна набавка и тоа: одлука за набавка; записници, предлози и др. акти од спроведувањето на постапката за доделување на набавкта врз основа на која е склучен договор за набавка со носителот на набавката; копија од склучениот договор за набавка и од обезбедената банкарска гаранција – доколку е предвидена со договорот; податоци за реализацијата на склучениот договор, вклучително со податоци за за извршени исплати, за рокот-роковите во кои е предвидно извршување на предметот на договорот, односно за евентуални задоцнувања во исполнувањето на обврските на носителот на набавката или за настанати спорови помеѓу странките на склучениот договор и други акти и списи од постапката кои ќе овозможат целосно утврдување на фактичката состојба во овој пријавен случај.

Од добиениот одговор со прилог документација од Универзитетот ------------------------------------ се констатира дека истите се спроведени согласно со одредбите на важечкиот Закон за јавните набавки во времето на спроведувањето на постапките. Имено, сите три јавни набавки се доделени со спроведување на редовни постапки за јавна набавки согласно Законот за јавните набавки, а не во "4 очи" како што е наведено во пријавата, односно не е користена постапка со преговарање без објавување на оглас. Исто така, лицето ------------------ се јавува како одговорно лице на ------------------------------- во третата јавна набавка, во останатите согласно доставената документација фигурира друго одговорно лице, но во секој случај истиот не се смета за блиско лице согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од анализа на постапките за јавни набавки се констатира дека одредени делови од набавките ги добива овој понудувач, додека има делови кои ги добиваат и други понудувачи. Само во една од постапкажите за јавни набавки комисијата прифатила понуда која била должна да ја отфрли и која била

избрана за најповолна, но по насока на ДКЖЈН одлуката за тој дел е укината па дури после тоа делот од јавната набавка го добива -----------------------------------.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што наводите во пријавата не се потврдени.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: Б.И, Претседател на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**